224

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

СЕКТОР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

30 24 декември, 2019

АРХИВСКИ БРОЈ: 33-12809/2

Согласно член 49 став 5 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

РЕШЕНИЕ

за одобрување на програма

1. Годишната програма со планирани активности и потребни средства за реализација на активностите на Македонската риболовна федерација за 2020 година број 03-66 од 18.12.2019 година се одобрува.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 20.12.2019 година е доставен допис примен под архивски број 33-12809/1 за одобрување на Програма на Македонската риболовна федерација за 2019 година во чиј прилог е доставена Програма и докази за уплатени средства во Буџетот на Република Македонија за 2019 година во висина од 30% за издадени 11936 легитимации во вкупен износ од 1.432.320,00 денари согласно член 49 став 2 од Законот за рибарство и аквакултура.

Програмата е доставена во превидениот рок и со потребните прилози и истата се одобрува за непречено реализирање на предвидените активности.

МИНИСТЕР,
Трајан Димковски

Изработил: Виолета Михајлоска
Контролирал: Игор Бојаџиевски
Согласен: Абдилгафар Синани

МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 03-01
10.01.2020 год.
СКОПЈЕ



Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

СЕКТОР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

24 декември, 2019

АРХИВСКИ БРОЈ: 33-12804/2

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно член 49 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), донесе

## РЕШЕНИЕ

за одредување на надоместокот за издавањето на легитимацијата за рекреативен риболов

1. Надоместокот за издавање на легитимацијата за рекреативен риболов за 2020 година изнесува 400,00 денари.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 20.12.2019 година од Македонската риболовна федерација е доставен допис број 03-67 од 18.12.2019 година во кој е наведен предлог за висината на надоместокот на легитимацијата за рекреативен риболов за 2020 година која согласно член 49 став 2 од Законот за рибарство и аквакултура ја издава Македонската риболовна федерација .

Во доставениот допис е наведено дека предлогот за висината на надоместокот е усвоен и прифатен на управниот одбор на Македонската риболовна федерација согласно Статутот на федерацијата чии членки се риболовните здруженија – концесионери на риби и дека истиот е наменет за реализација на активностите предвидени во доставената и одобрена Програма на Македонската риболовна федерација за 2020 година.

Согласно горенаведеното се одредува висината на надоместокот на легитимацијата за рекреативен риболов за 2020 година да биде предложениот износ од 400,00 денари.

МИНИСТЕР,
Трајан Димковски

Изработил: Виолета Михајлоска
Контролирал: Игор Бојаџиевски
Согласен: Абдилгафар Синани

МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 03-02
10.01.2020 год.
СКОПЈЕ



Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk